# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 29.09.2022 ГОДИНА<br>БРОЈ 11 ГОДИНА 2022<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани за 2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани за 2023 година, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани за 2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/2
29.09.2022 год.
Кривогаштани

Градоначаланик на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16), чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 г. донесе :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Годишниот план за вработување во ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани за 2023 година**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за вработување во ЈП „Пелагонија„ Кривогаштани за 2023 година бр. 01-154/1 од 31.08.2022 година .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-1039/3 Претседател на Совет на
28.09.2022 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/3 Градоначалник на
29.09.2022 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 114 став 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 17/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 година донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се разрешуваат членовите на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани:

- Моника Рујаноска од Кривогаштани- претставник од установата ЈОУДГ„Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани
- Кирил Бушески од Кивогаштани-претставник од родителите на ЈОУДГ„Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општината Кривогаштани„.

Бр.08-1039/4 Претседател на Совет
28.09.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/4
29.09.2022 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

---

Врз основа на член 114 став 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19 и 275/19), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 17 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 17/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 година донесе

**ОДЛУКА**
**за именување на членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се именуваат членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца - Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани.

Член 2

За членови на Управен одбор на Јавна општинска установа за деца-Детска градинка „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани се именуваат:

- Моника Пупуноска - претставник од установата
- Стефани Дунимаглоска- претставник од родителите

Член 3

Членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општината Кривогаштани„.

Бр.08-1039/5 Претседател на Совет
28.09.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2021/2022 година**

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2021/2022 година, што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2021/2022 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/5 Градоначалник на
29.09.2022 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2021/2022 година**

1. Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 28.09.2022 година, го разгледа Годишниот Извештај за реализација на Годишната програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2021/2022 година бр. 01-323/3 од 14.09.2022 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

Бр.08-1039/6 Претседател на Совет
28.09.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
**за прогласување на Одлука за донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „ ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ „ - Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2022/2023 година**

1. Се прогласува Одлуката за донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ - Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2022/2023 година, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ - Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2022/2023 година ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/6 Градоначалник на
29.09.2022 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 168 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02 ) и член 17 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11; 17/14; 10/16, 14/16 и 6/19 ), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с. Кривогаштани, Општина Кривогаштани за воспитната 2022/2023 година**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Годишната програма за работа на ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани со бр. 01-323/5 од 14.09.2022 година за воспитната 2022/2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-1039/7<br>28.09.2022 год.<br>Кривогаштани

Претседател на Совет<br>на Општина Кривогаштани<br>Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместок на трошоци за престој на деца во ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместок на трошоци за престој на деца во ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што паѓа на товар на родителите чии деца ги

користат услугите на установата, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместок на трошоци за престој на деца во ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/7 Градоначалник на
29.09.2022 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 191 од Законот за заштита на децата (вСлужбен весник на РМг бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15, 27/16163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19,311/20 и 294/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (вСлужбен весник на РМг бр.05/02), член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместок на трошоци за престој на деца во ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместок на трошоци за престој на деца во ЈОУДГ „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани бр. 02-323/8 од 14.09.2022 г.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-1039/8 Претседател на Совет
28.09.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/8 Градоначалник на
29.09.2022 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

---

Врз основа на член 191 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 28.09.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање на согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани донесен од Управниот одбор на ЈОУДГ „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани бр. 02-323/7 од 14.09.2022 г.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кривогаштани.„

Бр.08-1039/9
28.09.2022 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

## ЗАКЛУЧОК
### за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критириуми за прием на деца во ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ -Кривогаштани

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критириуми за прием на деца во ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ -Кривогаштани, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критириуми за прием на деца во ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ -Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/9
29.09.2022 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 60 став 3 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата што ја одржа на ден 28.09.2022 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критириуми за прием на деца во ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ Кривогаштани**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Правилникот за составот и начинот на работата на Комисијата за прием на деца и утврдување на критириуми за прием на деца во ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ Кривогаштани, донесен од Управниот одбор на ЈОУДГ „Весело Штркче„ во с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани бр 02-323/6 од 14.09.2022 г.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кривогаштани„.

Бр.08-1039/10
28.09.2022 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет
на Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

---

ПРИЛОГ: Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување на Заклучок за задолжувања и препораки за намалување на потрошувачката на електрична енергија во Општина Кривогаштани**

1. Се прогласува Заклучокот за задолжувања и препораки за намалување на потрошувачката на електрична енергија во Општина Кривогаштани, што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Заклучокот за задолжувања и препораки за намалување на потрошувачката на електрична енергија во Општина Кривогаштани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/10<br>29.09.2022 година<br>Кривогаштани

Градоначалник на<br>Општина Кривогаштани<br>Николче Мискоски

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за задолжувања и препораки за намалување на потрошувачката на електрична енергија во Општина Кривогаштани**

Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 година ги разгледа препораките и задолженијата донесени од Владата на Република Северна Македонија за намалување на потрошувачката на електрична енергија и ги донесе следните заклучоци:

Се задолжува Градоначалникот на Општина Кривогаштани:

- Да не се користи осветлување во внатрешните простории и канцеларии во општинските објекти во период кога има дневна светлина,

- Во период на ладење температурата на климатизерите да се намести не пониско од 27 степени, а во сезона на греење не повисоко од 20 степени. Просториите кои немаат климатизер да се греат до температура од 20 степени,
- Потрошувачката на електрична енергија да се намали за 15% споредбено со истиот месец од претходната година,
- Да се изработи техничка документација за поставување на фотопанели на кров на општинските згради,
- Да се врши кратко и интензивно проветрување на просториите- во зима проветрување пред да се напуштат канцелариите, а во лето рано наутро кога воздухот надвор е свеж.
- Да се исклучуваат светилките при напуштање на просториите,
- Да се исклучуваат компјутерите по завршување на работа, а печатачите да се користат само кога е неопходно,
- Да се изврши редукција на потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување во населените места со исклучување на уличното осветлување во ноќните часови во периодот од 00 часот до 04 часот,
- Целосно исклучување на светилките на регионалниот пат низ с. Славеј
- Промена на постоечки светилки од 250 вати со ЛЕД светилки од 40 вати.

Се задолжуваат раководителите на јавните институции основани од Општина Кривогаштани: ООУ ,,Манчу Матак,, Кривогаштани, ООУ,,Јонче Смугрески,, Обршани, ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, Кривогаштани со објект ,,Јаготка,, с. Обршани и ЈП,,Пелагонија,, Кривогаштани:

- Да не се користи осветлување во внатрешните простории и канцеларии во објектите во период кога има дневна светлина,
- Во период на ладење температурата на климатизерите да се намести не пониско од 27 степени, а во сезона на греење не повисоко од 20 степени. Просториите кои немаат климатизер да се греат до температура од 20 степени,
- Потрошувачката на електрична енергија да се намали за 15% споредбено со истиот месец од претходната година,
- Да се врши кратко и интензивно проветрување на просториите- во зима проветрување на пред да се напуштат канцелариите, а во лето рано наутро кога воздухот надвор е свеж,
- Да се исклучуваат светилките при напуштање на просториите,
- Да се исклучуваат компјутерите по завршување на работа, а печатачите да се користат само кога е неопходно

Се препорачува на домаќинствата и бизнис секторот во општина Кривогаштани да се придржуваат на препораките на Влада на Република Северна Македонија за намалување на потрошувачката на електрична енергија.

Бр.08-1039/11 Претседател на Совет
28.09.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5 / 2002) и член 33 став 1 алинеа 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Тодорка Павлеска од Обршани**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Тодорка Павлеска од Обршани, што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2022 година.

2. Одлуката за одобрување на финансиски средства на Тодорка Павлеска од Обршани ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1061/11
29.09.2022 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (ееСлужбен весник на РМее бр 5/2002) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани„ бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16 и 6/19), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 28.09.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства на Тодорка Павлеска од Обршани**

Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на Тодорка Павлеска од Обршани.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Кривогаштани, да исплати сума во износ од 2.000 денари од Буџетот на Општина Кривогаштани за 2022 година на Тодорка Павлеска од Обршани.

Член 3

За начинот на реализација на финансиската помош, ќе се донеси посебно Решение.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ееСлужбен гласник на Општина Кривогаштаниее.

Бр.08-1039/12 Претседател на Совет
28.09.2022 год. на Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

**СОДРЖИНА**
**на акти донесени на 15-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 28.09.2022 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани на ден 29.09.2022 година**

1. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување во ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани за 2023 година,.................................................1

- Одлука за давање на согласност на Годишен план за вработување во ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани за 2023 година,.........................................................................................................1

2. Заклучок за прогласување на Одлука за разрешување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, општина Кривогаштани,...........................................2

- Одлука за разрешување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, општина Кривогаштани,........................................................................................3

3. Заклучок за прогласување на Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, општина Кривогаштани,...........................................3

- Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, с.Кривогаштани, општина Кривогаштани,........................................................................................4

4. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Годишната програма за работа на ЈОУДГ ,,ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ,, Кривогаштани, за воспитната 2021/2022 година,........................................................................................................5

- Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за реализација на Годишната програма за работа на ЈОУДГ ,,ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ,, Кривогаштани, за воспитната 2021/2022 година,.......5

5. Заклучок за прогласување на Одлука за донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ ,,ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ,, Кривогаштани за воспитната 2022/2023 г.,.................................6

- Одлука за донесување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ ,,ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ,, Кривогаштани за воспитната 2022/2023 г.,.......................................................................................7

6. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца во ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, Кривогаштани, Општина Кривогаштани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата,.................................................................................................................7

- Одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца во ЈОУДГ ,,Весело Штркче,, Кривогаштани, Општина Кривогаштани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите на установата,..........................................................................................................................8

7. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с. Кривогаштани, Општина Кривогаштани,..........................................................................................................9

- Одлука за давање на согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с. Кривогаштани, Општина Кривогаштани,..........................................................................................................9

8. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с. Кривогаштани, Општина Кривогаштани,..........................................................................................................10

- Одлука за давање на согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ„ с. Кривогаштани, Општина Кривогаштани,..................................................11

9. Заклучок за прогласување на Заклучок за задолжувања и препораки за намалување на потрошувачката на електрична енергија во Општина Кривогаштани,..........................................................................................................12

- Заклучок за задолжувања и препораки за намалување на потрошувачката на електрична енергија во Општина Кривогаштани,..........................................................................12

10. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Павлеска Тодорка од Оршани..........................................................................................14

- Одлука за одобрување на финансиски средства на Павлеска Тодорка од Оршани..........................................................................................................14

ПРИЛОГ: Правилник за утврдување на цените на услугите што ги дава Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Весело Штркче„ с.Кривогаштани, Општина Кривогаштани

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**